25.09.2014
10 4671/2

# ИЗВЕШТАЈ

**од редовниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје, емитуван на 6 септември 2014 година**

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор беа:

- обврските за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации; и
- обврските за заштита на малолетните лица од програми што можат да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој.

***Констатации:***

Со мониторингот на снимката од програмскиот сервис на ТРД АЛСАТ–М ДОО Скопје, од 6 септември 2014 година, е констатирано прекршување на член 54 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (не е дозволено идентификување на спонзорот во текот на документарните и на програмите за деца).

Во текот на емисијата за деца „Дете талент" во неколку наврати, во долниот дел од екранот на банери се појавуваат информации за правните субјекти што го поддржале производството на програмата, односно се идентификуваат спонзорите на програмата. Како спонзори на емисијата се појавуваат: Бимилк, Сано Сокови, Скопски Пазар, Осигурување Македонија, B–watch, Пакомак, Џоли травел, CASA ITALIA и Агенс. Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги емисиите за деца можат да бидат спонзорирани, но спонзорот може да биде означен или најавен од водителот само на почетокот и/или на крајот од емисијата, а не и за нејзиното времетраење.

| Наслов на емисија | Период на емитување на емисијата | Траење на емисијата | Период на идентификување на спонзорите | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | почеток | крај |
| "Дете талент" | 09:23:56-10:00:15 | 00:33:59 | Спонзори | 09:31:28<br>09:39:32<br>09:45:41<br>09:48:39<br>09:54:34 | 09:32:20<br>09:40:25<br>09:46:34<br>09:49:31<br>09:55:08 |

***Опис на прекршувањето:***

**Спротивно на член 54 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, во текот на програмата за деца „Дете талент" емитувана на програмскиот сервис на ТРД АЛСАТ–М ДОО Скопје, на 6 септември 2014 година, се идентификуваат спонзорите на програмата.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*25.09.2014 година*

| Претходно изречена мерка: |
| --- |
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 54 став 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот закон, до в.д. Директорот на Агенцијата се дава следната

**Предлог на мерка:**

- да се преземе мерка – опомена, и
- В.д. Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).